Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
С К О П Ј Е

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Министерство за финансии, со седиште на ул: “Даме Груев“, бр. 14 - Скопје, интернет адреса: www.finance.gov.mk, има потреба од јавна набавка на услуга – одржување на апликацијата за буџетско работење “е-Буџет”.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга со претходно објавување на оглас која треба да заврши со електронска аукција, во согласност со член 100, став 1, алинеја 2 и член 121, став 1, алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010 и 53/2011), за што објави оглас број 03-1/2011.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 28.09.2011 година, до 12:00 часот на горенаведената адреса или директно во писарницата на Министерството за финансии која се наоѓа на ул.„Мито Хаџи-Василев Јасмин“ бб. (во зградата на поранешна Нова Македонија).

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Тендерската документација е објавена и може да се преземе од следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.

Тендерската документација може да се земе без надоместок.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Елена Трпковска, телефон за контакт: 3106-255, електронска адреса: elena.trpkovska@finance.gov.mk, и Фани Коровешовска, телефон за контакт: 3106-150, електронска адреса: fani.korovesovska@finance.gov.mk.

Јавното отворање на понудите, во присуство на понудувачите, ќе се изврши на **28.09.2011 година,** во **12:00** часот, во просториите на Министерството за финансии (зградата на Нова Македонија), ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ - бб, Скопје, во салата за состаноци на први кат.

При спроведувањето на постапката со барање за прибирање понуди, како последна фаза во постапката ќе се користи електронска аукција согласно со член 121 од Законот за јавните набавки.

Комисијата за јавни набавки кај договорниот орган ќе изврши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите наведени во тендерската документација. По првичната евалуација на понудите се генерира ранг листа на прифатливи понудувачи кои договорниот орган ќе ги покани да учествуват во електронската аукција.

Заедно со понудата задолжително се доставува банкарска гаранција на понудата во износ од 3% од вкупната вредност на понудата без вклучен данок на додадена вредност.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје,
13.09.2011 година

Комисија за јавните набавки
Претседател,
Елена Трпковска